**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# П Р А В И Л Н И К

**За изменување на правилникот за систематизација на работните места во министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Скопје, 2021 година**

Врз основа на член 17 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-6397/1 од 01.06.2015 година и измените на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-11933/2 од 01.12.2015 година, бр.04-11314/3 од 08.12.2015 година, бр.04-2753/2 од 20.02.2016 година, бр.04-5362/2 од 13.06.2016 година, бр.04-6948/1 од 11.07.2016 година, бр.04-8800/3 од 29.09.2016 година, бр.04-10445/1 од 01.12.2016 година, бр.04-994/1 од 01.02.2017 година, бр.04-2947/1 од 11.04.2017 година, бр.04-5497/1 од 31.07.2017 година, бр.04-2591/1 од 03.02.2018 година, бр.04-5444/1 од 26.04.2018 година, бр.04-6112/1 од 17.05.2018 година, бр.04-8025/3 од 03.08.2018 година, бр.04-9996/2 од 06.11.2018 година, бр.04-7601/1 од 18.07.2019 година, бр.04-10416/1 од 18.10.2019 година, бр.04-10904/1 од 31.10.2019 година, бр.04-12588/3 од 19.12.2019 година, бр.04-12851/1 од 23.12.2019 година и бр.04-6984/2 од 23.09.2020 година (во натамошниот текст министерството) и тоа:

**Член 2**

Во Табеларен приказ на работните места, кај работното место со реден број 15 шифра УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за координација и техничка помош на Кабинетот на министерот во делот вид на образование зборовите „Ветеринарна медицина" се заменуваат со зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија".

**Член 3**

Во Табеларен приказ на работните места, кај работното место со реден број 92 шифра УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) во делот вид на образование зборовите „Растително производство" се заменуваат со зборовите „Лозарство".

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува и ќе се објави на огласна табла и на интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по добивање на писмената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр. 04-369/1**
**11.01.2021 година**
**Скопје**

**МИНИСТЕР**
**Arjanit Hoxha**